З А П И С Н И К

Од одржаната трета седница на членовите на Интер- ресорска советодавно и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите

**Место на одржување: Конфереciska сала во зградата на Владата на РМ**
**Датум на одржување: 10.04.2018година во 13 часот**

На третата седница на ИРГ присуствуваа: Јована Тренчевска - МТСП , Габриела Маџоска – МТСП, Даниела Хаџи Јованова – МТСП, Ана Бурагева Алексова – МВР, Нермина Факовиќ – МЗ, Билјана Стевкова МО, Драгана Дрндаровска„ Коалиција –" , Мирјана Најчевска- ИСППИ, Марија Савовска – Палтформа за родова еднаквост, Неда Малевска ЦУП, Елизабета Гелевска СЖ ССМ, Сузана Никодиејевиќ Филиповска – ГС на ВРМ, Ирена Николов – ЗЕЛС, Даниела Димитриевска – МЖЛ, Силвија Митевска- Такт и Анета Петровска-Русомароски – ОРМ.

Третата седница ја отвори и водеше Јована Тренчевска координаторка на Интер– ресорска советодавна група за еднакви можности на жените и мажите
.
Пред да се стави на дневениот ред на гласање, координаторката информира дека со Одлука на Влада во ИРГ ќе членуваат: Дијана Стојановиќ – Ѓорѓевиќ, Мирјана Најчевска и Ленче Величковска.
Предложениот Дневен ред се усвои едногласно:

**Дневен Ред**

**Работен дел**

1. Усвојување на дневниот ред
2. Усвојување на Програмата за работа на ИРГ
3. Усвојување на Деловникот за работа на ИРГ
4. Разгледување на предлог на НПА за РЕ 2018 – 2020
5. Разгледување на АП за имлементација на Истанбулската Конвенција
6. Разгледување на Програмата за работа на Владата на РМ за 2018 година
7. Разгледување на документи поврзани со подготовка на стратешки планови на министерствата

8. Разно

**Т2.** Во однос на втората точка Координаторката отвори дискусија за Програмата за работа на ИРГ која беше подготвена од задолжената Работна група и доставена по електронски пат до сите членови на ИРГ.
По однос на оваа точка, збор земаа: Марија Савовска, Мирјана Најчевска, Драгана Дрндаровска, Силвија Митевска, Сузана Н. Филиповска, Неда Малевска и Даниела Димитриевска кои сугерираа дека прогрмата е обемна, при што треба да се фокусираме кон неколку области при што треба да се приоретизираат и да се формираат работни групи за : земјоделие, работни односи, родово базазирано насилство, образование и спорт. Исто така, се истакна дека важни се и процесите кои не се фокусирани на еднаквите можности на жените и мажите , но се клучни за интеграцијата на родовата еднаквост. Се заклучи прогрмата да остане ваква, со тоа што специфичниот тематски фокус ќе се обезбеди со формирање работни групи според интересот, експертизата и надлежноста, кои подетално ќе разработуваат предлози од овие области кои ќе ги споделуваат на седниците како преедлози до Владата заради поголема ефикасност.
По овие забелешки, Програмата за ИРГ беше едногласо усвоена.
**Т3.** По однос на третата точка се даде забелешка на Деловникот да се дополни со областите: земјоделие, работни односи , родово базазирано насилство, образование и спорт и да се формира работните групи, во член 10 став три.
По овие забелешки, се усвои Деловникот за работа на ИРГ.
**Т4.** Четвртата точка ја образложи Координаторката како одговорна за работните групи за подготовка на НАП за РЕ за 2018 -2020. По образлагањето за НПА , се отвори дискусија во која збор земаа: Мирјана Најчевска, Марија Савовска, Неда Малевска и Силвија Митевска кои сугерира дека мора да постојат одредби за собирање на родово разделени податоци за секоја област, документ за евалуација, планот да содржи и финасиски импликации, како и методологија за евалуација на постигнатите и реализираните активности. При што, оние кои имаат сугестии во однос на активностите да достават активности како би можеле да се додадат во НАП .

Т5. Оваа точка ќе се разгледува на наредната седница на ИРГ.
Т6. На оваа точка се дискутираше за законите кои се во постапка на менување , а се битни за родовата еднаквост.
На преставничката од Министерство здравство се задолжи да даде информација до кога е отворен законот за здравствена заштита со цел да може да се интервенира со предлози. Како и да се споделат извештаите за Директивите на ЕУ.
Т7. Во однос на оваа точка се дисктираше за важноста на стратешкото планирање , потребата да се известуваат членовите на ИРГ, како и да учествуваат во самиот процес на планирање, односно потребата од прибирање и споделување пишани сумарни информации, за да може телото да ги дискутира, и преку препораките да влијае на процесот на планирање. Се нагласи потребата од родово разделени податоци и упатства за подготовка на стратешките палнови.
Т8. На оваа точка беше доставена информација за проектот на МТСП за родово одговорно буџетирање поддржан од UN Women.
Се отвори дискусија за статусот на координаторите на национално и локално ниво , како и потебата од реформирање и зајакнување на нивните позициите на повисоко ниво ( раководител).
Во однос на оваа точка дискутираа: Габриела Маџоска, Нермина Факовиќ, Мирјана Најчевска и Марија Савовска.

Записникот го водеше Габриела Маџоска од МТСП